# СОВЕТИ ЗА ПОДОБАР

## ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ





ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА

ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 4 јануари 2025*

## ОСНОВИ НА СОЗДАВАЊЕТО НА ДОМОТ

**Најпривлечно место на светот.** - Додека од една страна родителите имаат голема обврска грижливо да ја чуваат идната среќа и добробитта на своите деца, нивна должност е и да го направат домот што попривлечен. Тоа е многу поважно од стекнување на имот и пари. Во домот не смее да недостасува топлина. Во срцето на своите деца сочувајте ја љубовта кон домот, за подоцна на домот од своето детство да гледаат како на место на мирот и среќата, кое е претходница на небото. Кога ќе пораснат, за возврат, тие треба да се трудат да бидат утеха и благослов на своите родители.

За децата домот треба да биде најпривлечно место на светот, а присуството на мајката треба да е неговата најголема привлечност. Децата имаат чувствителна природа која се заснова на љубовта. Лесно е нив да ги задоволиш и лесно можеш да ги направиш несреќни. Со нежните барања, со зборови и постапки со љубов, мајката може да ги врзе за своето срце.

**Чист, пријатен и уреден дом.** - За правилно управување со домот, неопходни се чистотата, пријатноста и уредноста. Меѓутоа, кога мајката сето ова ќе го сфати како најважна должност во својот живот и целосно и се посвети, занемарувајќи го телесниот развој на своите деца, нивното морално и умствено напредување, таа прави жалосна грешка.

Иако можеби сиромашни, на верниците треба да им се укаже дека не треба да бидат неуредни, лично или во својот дом. Во ова треба да им се помогне на оние кои не се доволно свесни за значењето и важноста на чистотата. Тие треба да се поучат дека оние кои го претставуваат возвишениот и свет Бог, мораат да ги чуваат своите души чисти и оваа чистота да ја опфати нивната облека и сè во домот, за да им покажат на небесните ангели дека вистината ја извршила својата промена во животот, чистејќи ја душата и облагородувајќи го вкусот. Оние кои ја примиле вистината, а со сво-

ите зборови или однесување, со своето облекување, или пак во средината во која живеат не покажуваат дека доживеале промени, сѐ уште живеат за себе, а не за Христа. Тие не се наново родени во Исуса Христа, во светост и правда...

Чувајќи се од непотребно украсување и расфрлање, во ниту еден случај не смееме да бидеме невнимателни и рамнодушни кон сопствениот надворешен изглед. Сето она што е во нас и во нашите домови треба да биде и привлечно и уредно. Младите треба да се учат дека е важно со својата појава да не предизвикаат критика туку да служат на чест на Бога и вистината.

Невнимателноста кон чистотата ќе предизвика болест. Болеста не доаѓа без причина. Силни епидемии на грозница ги погодиле селата и градовите, за кои се мислело дека се потполно здрави и предизвикале смрт или изнемоштеност на организмот. Во многу случаи животната средина на овие жртви била загадена со бактерии кои семејството и соседите ги вдишувале. Зачудувачко е незнаењето од кое произлегуваат невниманието и лесномисленоста за човечкото здравје.

*Сабота, 11 јануари 2025*

## Во среќниот дом потребен е ред

Нередот, невнимателноста и недостатокот од чистота и уредност го навредуваат Бога. Овие недостатоци се сериозно зло, кое се заканува да ја помати љубовта на сопругот кон сопругата, во случај кога тој сака ред, добро воспитани деца и уредна куќа. Сопругата и мајка не може да го направи домот пријатен и среќен, ако нема смисла за ред, не го чува своето достоинство и не е добар управувач со домот. Затоа сите кои го немаат ова, мораат веднаш да почнат да го учат за да го изградат она што е најпотребно.

**Будност и внимателност. -** Кога целосно ќе се посветиме на Господа, тогаш ќе ја увидиме важноста за извршување на едноставни, секојдневни должности во домот, со што ќе се усогласиме со Божјата

волја. Ние мораме да бидеме будни, секогаш подготвени за доаѓањето на Синот човечки; но мораме да бидеме и внимателни, вредни во работата; овие две мораат да станат целина. Тоа ќе му даде рамнотежа на христијанскиот карактер кој само така складно ќе се развие. Да го отфрлиме сфаќањето дека сè останато мораме да запоставиме и да се предадеме на размислување, проучување или молитва. Тоа, пак, не значи дека треба да се препуштиш на работа и постојано брзање, а да ја запоставиш личната побожност. Чекањето, стражарењето и работата треба да се поврзат во едно. „Не бидете мрзеливи во работата; бидете огнени во духот, служете Му на Господа.“

**Средства кои ќе ја олеснат работата.** - Во многу домови сопругата и мајка нема време за читање, за да биде добро информирана, нема време да биде другар на својот сопруг, нема време да го следи умствениот развој на децата. Таа нема време во својот драг Спасител да го сретне добриот и близок Пријател. Малку по малку, таа тоне во домашната работа, затоа што нејзината сила, време и интерес се окупирани со она што е минливо. Кога веќе ќе биде предоцна, таа согледува дека станала речиси странец во сопствениот дом. Скапоцените предности со кои некогаш можела да ги поттикнува своите најблиски на подобар живот, не ги искористила, па засекогаш исчезнале.

Втемелувачите на домот нека одлучат да живеат помудро. Ваша најголема цел нека биде изградба на пријатен дом. Потрудете се да обезбедите средства кои ќе ја олеснат работата и ќе го сочуваат здравјето.

**Мали должности - Божји дела. -** Сите работи коишто мораме да ги извршуваме, без разлика дали тоа е миење садови, поставување на масата, негување на болен, готвење или перење имаат морална вредност... Некој мора да ги извршува секојдневните мали должности, а оние кои ги извршуваат треба да почувствуваат дека извршуваат потребна и чесна работа која, колку и да изгледа скромно, го претставува Божјето дело, слично на работата на ангелот Гаврил кога бил пратен кај пророците. Секој човек во својата средина извршува одредена работа. Жената во својот дом, кога ги из-

вршува едноставните животни должности, може и треба да покаже верност, послушност и љубов која ангелите ја покажуваат во својата средина. Покорноста кон Божјата волја ја прави чесна секоја работа којашто треба да се изврши.

*Сабота, 18 јануари 2025*

**Долготрајно влијание на домот**

**Христијанскиот дом како пример. -** Службата во домот ги преминува неговите граници. Христијанскиот дом треба да биде пример, кој ја покажува вредноста на вистинските животни начела. Таков пример силно ќе дејствува во прилог за доброто во светот... Кога младите ќе излезат од ваков дом, тие ги пренесуваат поуките кои ги стекнале во него. Поблагородните животни начела се пренесуваат во други домови и така позитивното влијание се шири во целото општество.

Домот во кој членовите се учтиви и љубезни христијани, врши долготрајно и позитивно влијание. Другите семејства ќе ги забележат резултатите кои кои ги стекнува таквиот дом и со радост ќе појдат по неговиот пример и така своите домови ќе ги заштитат од сатанските влијанија. Божјите ангели често ќе го посетуваат домот во кој се почитува Божјата волја. Со дејството на Божјата милост, ваквиот дом станува место каде што уморните и изнемоштени патници ќе најдат освежување. Со будно стражарење, човечкото јас ќе биде оневозможено. Покрај тоа, ќе се изградат добри навики и ќе се признае правото на другите. Верата која дејствува преку љубовта и ја чисти душата, го држи животното сидро и управува со целиот дом. Под благотворното влијание на таквиот дом се шират, признаваат и слушаат начелата на заедништвото воспоставено со Божјите зборови.

**Влијанието на усогласениот дом. -** За едно семејство не е лесно да го претставува Исуса и да го држи Божјиот закон во средина во која луѓето немаат доверба во Бога. Ние сме повикани да бидеме

живи пратеници, кои ги познаваат и читаат сите луѓе. Оваа положба се одликува со голема одговорност.

Единствено, дисциплинирано семејство сведочи посилно за христијанството отколку сите изговорени проповеди. Таквото семејство сведочи дека родителите успешно ги следеле Божјите упатства и дека нивните деца ќе служат на Бога во црквата. Нивното влијание расте, затоа што додека даваат, тие истовремено и примаат за да можат и понатаму да даваат. Таткото и мајката имаат добри помошници во своите деца, кои понатаму ги пренесуваат поуките кои ги примиле во својот дом. И соседите помеѓу кои живеат имаат корист, затоа што овој дом ги збогатил за овој живот и за оној кој ќе дојде. Така целото семејство Му служи на Господа и со својот побожен пример ги вдахновува другите да му бидат верни на Бога во својот однос кон Неговото стадо, Неговото прекрасно стадо.

Единственото семејство е најсилниот доказ којшто може да се даде на светот за силата на христијанството. Ништо како тоа не може да ја препорача вистината, бидејќи таа е живо сведоштво за дејствувањето на нејзината практична сила во срцата на луѓето.

Најдобро мерило за вредностите на христијанството во животот на еден дом е природата на карактерот кој настанал под негово влијание. Делата зборуваат погласно и од најсилната објава на побожноста.

Нашата работа во овој свет... е да ги развиеме добрите страни во животот на нашите деца и членови на семејството, за да можеме да влијаеме на другите семејства. Така можеме да станеме воспитна сила, иако не располагаме со училишните клупи. Во Божјите очи единственото семејство е поскапоцено од чисто злато.

*Сабо̄та, 25 јануари 2025*

**Нашите извонредни можности**

Нашето време е многу кратко. Само еднаш можеме да поминеме низ овој свет. Затоа животот треба да се искористи што подобро.

Задачата што сме ја примиле не бара од нас богатство, престиж или големи способности. Таа од нас бара да покажеме дух на љубезност и самопожртвуваност како и истрајност во спроведувањето на одлуките. Светилката, иако мала, ако гори постојано може да запали многу други светилки. Нашето влијание може да биде ограничено, нашите способности мали, нашите предности малубројни, а стекнатото знаење недоволно, но сепак прекрасни се резултатите што може да се постигнат со верно користење на можностите во својот дом. Ако ги отвориме своите срца и домовите за божествените начела на животот, ќе станеме носители на животодавна сила. Од нашиот дом ќе потечат реки на исцелување кои ќе донесат живот, убавина и изобилство таму каде што сега владее сиромаштијата и скудност.

Преку својот дом побожните родители ќе шират спасоносно влијание, кое на домовите на другите ќе дејствува како квасец во три мери брашно.

Верно извршената работа во домот ги поттикнува другите да го извршат истиот вид на работа. Духот на верноста кон Бога е сличен на квасецот и кога ќе се покаже во црквата, ќе влијае на другите и така ќе стане најдобра препорака во прилог на христијанството. Работата на верните Христови следбеници ќе допре до самата вечност. Зошто тогаш се забележува недостаток на евангелски дух во нашите цркви? Тоа е поради тоа што се запоставува духот на побожноста во домот.

**Влијанието на нехармонично семејство. -** Влијанието на нехармоничното семејство е долготрајно и кобно за целото човечко општество. Тоа се престорува во плима на злото којашто штетно дејствува на семејството и општеството во целост.

Никој од нас не може да живее така, а да не влијае на светот околу себе. Ниту еден член од семејството, не може да се повлече во себе, а сепак останатите членови на тоа семејство да не го почувствуваат неговиот дух и влијание. Дури и изразот на лицето влијае на доброто или на злото. Неговиот дух, неговите зборови, неговите постапки, неговиот однос кон останатите не можат да се избришат. Неговата себичност, со маларична атмосфера ја опкружува него-

вата душа. Ако е исполнет со Христовата љубов, ќе биде учтив, љубезен, нежен и внимателен кон чувствата на другите. Со делата на својата љубов кон своите ближни ќе им го пренесе чувството на нежност, благодарност и среќа. Сите тогаш ќе сфатат дека таквиот човек ќе живее за Исус и секојдневно крај Неговите нозе прима поуки, ја прима Неговата светлина и Неговиот мир. Таквиот ќе може да му каже на Господа: „И милоста твоја ме направи голем“.

*Сабота, 1 февруари 2025*

**Силно христијанско сведоштво**

**Радосното семејство - светлина за ближните. -** Нам ни се потребни повеќе радосни родители и повеќе радосни христијани. Ние сме премногу затворени во себе. Често и на своите деца им го ускратуваме љубезниот и охрабрувачки збор, топлата насмевка, а така се однесуваме и кон нерасположените и обесхрабрените.

Родители, вие сте задолжени да светлите и да бидете извор на светлина! Светете како светлината. Во својот дом бидете светлина која ќе го осветлува патот по кој вашите деца треба да чекорат. Ако правите така, вашата светлина ќе ги осветли и оние коишто не се во вашиот дом.

Од секој христијански дом треба да зрачи света светлина. Љубовта треба да се покаже со дела. Таа треба да живее во сите семејни односи, откривајќќи се во грижливата љубезност и нежната, несебична учтивост. Има домови во кои овие начела се спроведуваат - домови во кои Бог се почитува и во кои владее вистинска љубов. Од тие домови наутро и навечер се подигаат молитви кон Бога како мил мирис. Неговата милост и благослови се спуштаат на молителите како утринска роса.

**Одраз на семејното единство. -** Остварувањето на единствотое најважната задача на христијаните во еден дом. Таа работа треба да се прошири и на соседите кои живеат околу нив. Оние коишто ја примиле светлината треба да ѝ дозволат да свети со јасни зраци.

Нивните зборови, пронижани со Христовата љубов, треба да бидат животен мирис за живот.

Колку членовите на семејството се поцврсти и посоединети во својата работа и во својот дом, толку повозвишено и покорисно ќе биде влијанието кое таткото и мајката, синовите и ќерките ќе ги вршат на ближните околу себе.

**Потребни се добри луѓе. -** Среќата на семејството и на Црквите зависи од влијанието во домот. Вечното добро зависи од совесното извршување на должностите во овој живот. На светот не му се толку потребни големите умови колку што му се потребни добри луѓе, кои ќе бидат благослов во својот дом.

*Сабота, 8 февруари 2025*

## Прилагодливост

**Прилагодени еден кон друг. -** Во многу семејства ја нема онаа христијанска учтивост, онаа вистинска услужливост и меѓусебно почитување, што би ги подготвило членовите на семејството за брак и образование, за среќно сопствено семејство. Наместо трпение, љубезност, нежна учтивост и христијанска симпатија и љубов, се слушаат остри зборови, доаѓа до судир на мислењата, а се негува дух на критика и диктаторство.

Често се случува личностите пред венчавката да немаат доволно прилики да ги запознаат навиките и склоностите на другиот, а што се однесува до нивниот секојдневен живот, тие се странци уште пред самиот олтар. Мнозина многу доцна воочуваат дека не се еден за друг, а несреќата која трае цел живот е последица на нивната врска. Вообичаено страдаат сопругата и децата поради невнимание и неспособност или поради пороците на сопругот и татко.

Светот денес е полн со беда и грев, поради тоа што многу бракови се лошо склопени. Во многу случаи се доволни само неколку месеци за мажот и жената да воочат дека нивните природи никогаш нема да се сложат. Резултат на тоа е во домот да преовладува

несогласување таму каде што треба да постојат само небесната љубов и складност.

Дискусијата за нешто беззначајно создава дух на огорченост. Отвореното несогласување и меѓусебно напаѓање внесува во домот неискажана несреќа и ги раздвојува оние кои би требало да бидат соединети во врската на љубовта. Така со неразумните бракови илјадници се жртвувале себеси, душата и телото и тргнале надолу по патот којшто води во пропаст.

**Разлики во поделениот дом. -** Среќата и напредокот во брачниот живот зависат од единството на двете страни. Како може телесниот ум да се усогласи со умот кој станал Христов? Еден сее во телото, размислувајќи и постапувајќи според побудите на своето срце; друг сее во Духот, трудејќи се да ја совлада себичноста, да ги победи склоностите и да живее во послушност на Учителот, чиј слуга сака да биде. На тој начин постојано ќе се појавуваат својствените разлики во вкусовите, склоностите и целите. Ако верникот не може со цврсто држење на своите начела да го придобие својот неверен пријател, тој како што најчесто е случај, ќе се повлече и ќе ги жртвува своите верски начела за љубовта на другиот кој нема врска со небото.

*Сабота, 15 февруари 2025*

## Среќна, успешна заедница

**Вистинската заедница се изградува во текот на целиот живот. -** За да може човекот правилно да го сфати бракот, потребен е цел живот. Оние кои стапуваат во брак, влегуваат во училиште кое цел живот нема да го завршат.

Без оглед колку внимателно и мудро стапиле во брак, малку брачни партнери се целосно соединети веднаш по венчавката. Вистинската брачна заедница се создава дури во годините кои доаѓаат.

Кога младиот пар ќе се соочи со животот кој ги носи своите товари и грижи, романтичната љубов со која фантазијата толку често го обвиткува бракот, брзо исчезнува. Сопругот и сопругата го от-

криваат карактерот еден на друг онака како што тоа не било возможно во текот на нивното претходно дружење. Тоа е најкритичниот дел од нивниот живот. Среќата и полезноста за целиот нивен иден живот зависи од правиот пат на кој тргнуваат. Често еден во друг откриваат неочекувани слабости и недостатоци; но срцата коишто се соединети во љубов исто така ќе ги забележат добрите, досега непознати страни. Сите нека се трудат да ги откријат добрите, а не лошите страни. Често нашиот став и атмосферата која нѐ опкружува, ќе одлучат што нашиот животен партнер ќе открие во нас.

**Љубовта мора да се истражи и тестира. -** Љубовта може да биде чиста како кристал и убава во својата чистота; сепак таа може да биде плитка сѐ додека не се истражи и не се испроба. Направете Христос да ви биде прво и последно и најскапо во сѐ. Тој секогаш нека ви биде пред очите на патот на искушението, и вашата љубов кон Него ќе станува, од ден на ден, сѐ подлабока и посилна. И кога вашата љубов кон Него постојано расте, тогаш и вашата љубов еден кон друг ќе стане сѐ подлабока и посилна.

Иако може да се појават тешкотии, неволји и обесхрабрувања, ниту сопругот ниту сопругата нека не и дадат место на помислата дека нивната заедница е грешка или разочарување. Одлучете да бидете еден кон друг сѐ што е возможно. Постојано нека ви биде на прво место партнерот. Трудете се еден со друг да се охрабрувате во војувањето на животните борби. Проучувајте како ќе ја зголемите среќата еден на друг. Негувајте ја меѓусебната љубов и попустливост. Тогаш бракот, наместо да биде крај на љубовта, ќе стане нејзин почеток. Топлината на вистинското пријателство, љубовта која го врзува срцето за срце, е предвкус на небесната радост.

Сите треба да го негуваат трпението, вежбајќи се во трпеливост. Кога сте љубезни и трпеливи, вистинската љубов ќе ја задржи топлината во вашето срце и ќе ги развиете особините кои Небото ги одобрува.

**Непријателот ќе се труди да внесе раздор**. Сатаната секогаш е подготвен да ја искористи можноста кога ќе се појават несогласувања. Поттикнувајќи ги сомнителните наследни карактерни црти кај сопругот или сопругата, тој ќе се обиде да внесе раздор

помеѓу оние кои со свечен завет пред Бога ги соединиле своите интереси. Со брачниот завет ветиле дека ќе бидат едно, при што сопругата му ветила на сопругот љубов и послушност, а мажот на сопругата љубов и охрабрување. Ако го слушаат Божјиот закон, демонот на расправија нема да има пристап до семејството, и затоа нема да дојде до разлики во интересите, ниту до меѓусебно отуѓување.

**Совет упатен на брачен пар со силна волја. -** Ниту жената ниту мажот не смеат да тежнеат кон владеење. Господ дал начела кои во тоа треба да се почитуваат. Сопругот треба да ја сака својата сопруга исто како што Христос ја сака Црквата. А сопругата треба да го почитува и сака својот сопруг. Двајцата треба да го негуваат духот на љубезноста; тие треба да бидат одлучни никогаш меѓусебно да не се разжалостат ниту да се повредат...

Не се обидувајте да го натерате својот брачен партнер да постапува според вашите желби. Не можете да го правите тоа и да ја сочувате меѓусебната љубов. Покажувањето на самоволие ќе го наруши мирот и среќата во домот. Не дозволувајте во вашиот брак да дојде до расправија. Ако го направите тоа, и двајцата ќе бидете несреќни. Бидете љубезни во зборовите и нежни во постапките, одрекувајќи се од своите желби. Бдејте над своите зборови, затоа што тие силно влијаат на доброто или на злото. Не дозволувајте во вашиот глас да се почувствува острина. Внесете ја во својот соединет живот привлечноста на Христовата личност.

*Сабота, 22 февруари 2025*

## Изразете ја љубовта во бракот со зборови и постапки

Има многу луѓе кои изразувањето на љубов го сметаат за слабост и го задржуваат ставот кој ги одбива другите. Таквиот дух оневозможува изразување на симпатија. Кога желбата за друштвеност и великодушност се потиснува, таа се суши и срцето станува пусто

и ладно. Треба да се чувате од такви заблуди. Љубовта не може долго да опстане ако не се изразува.

Не дозволувајте срцето кое е поврзано со вас да умре од недостаток на љубезност и сочувство...

Секој нека се труди да даде љубов, а не да бара. Негувајте го она што е во вас најоблагородено и бидете брзи во воочувањето на туѓите добри особини. Свеста за тоа да цениме некого е особено поттикнување и извор на задоволство. Сочувствувањето како и почитувањето ги потикнуваат напорите за постигнување на совршенство, а самата љубов се зајакнува кога се поттикнува да исполнува поблагородни цели.

Причината што во нашиот свет постојат толку мажи и жени со тврдо срце, се наоѓа во тоа што вистинската чуствителност се смета за слабост; луѓето се трудат да ја задушат во себе. Подобриот дел од природата на таквите луѓе е расипан и закржлавен уште во детството. Ако зраците на божествената светлина не можат да ја стопат ладнокрвноста и себичноста на тврдото срце, секој таков човек засекогаш ја погребува својата среќа. Ако сакаме да имаме нежно срце, како што било Исусовото срце, додека бил на Земјата, и посветени чувства, какви што имаат ангелите за грешните смртници, ние мораме да ги негуваме чувствата уште од своето детство. Тогаш ќе бидеме очистени, облагородени и раководени според небесните начела.

Ние во нашите семејства внесуваме премногу грижи и товар, а премалку ги негуваме природната едноставност, мирот и среќата. Треба што помалку да се грижиме за она што ќе каже светот, а да бидеме што повеќе внимателни кон членовите од семејниот круг во својот дом.

Во домот треба што помалку да се истакнува однесувањето според световната учтивост, а да се покаже што поголема нежност и љубов, ведрина и христијанска учтивост. Мнозина треба да научат како да го направат домот попривлечен, да стане место на радост. Благодарните срца и љубезните погледи вредат повеќе од имотот и луксузот, а задоволството во едноставните работи ќе го направи домот среќен ако во него владее љубов.

*Сабота, 1 март 2025*

**Децата како благослов**

**Бог планирал за семејствата. -** Оној кој ја дал Ева на Адам како помошничка... одредил мажите и жените да се поврзуваат во света врска на брачната заедница, да подигнуваат семејства чиишто членови, венчани со честа, ќе станат признати членови на небесното семејство.

Децата се Господово наследство, а ние сме му одговорни за управувањето со Неговата сопственост... Родителите треба со љубов, вера и молитва да работат за своите домашни, така што тие ќе можат радосно да пристапат кон Бога и да речат: „Еве ме мене и децата коишто Бог ми ги даде“ (Исаија 8, 18)

Куќата без деца е пуста. Срцата на домашните се во опасност да станат себични, да негуваат љубов кон себе, да ги исполнуваат своите желби и да ја изградуваат својата удобност. Тие негуваат сочувство само кон себе си и малку можат да го подарат на другите.

**Совет до еден брачен пар без деца. -** Себичноста која различно се манифестира, според ситуациите и личниот начин на живот на поединецот, мора да умре. Кога би имале деца, би биле принудени да заборавите на себе и да се грижите за нив, да ги поучувате и да им бидете пример, и тоа за вас би била предност... Кога само вие двајца го сочинувате семејството, како што е случај со вас и кога нема деца кои би го барале вашето трпение, истрајност и вистинска љубов, морате да бидете постојано будни за да не загосподари себичноста, а вие сами на себе да станете центар на внимание барајќи грижа и помош за која мислите дека не сте должни да ја дадете никому.

Мнозина телесно и умствено се болни затоа што своето внимание го насочиле исклучиво на себе. Таквите би се извлекле од мртвилото со здравата виталност на младите разновидни мисли и немирната енергија на децата.

**Грижата за децата развива благородни особини. -** Сочувството, истрајноста и љубовта кои се бараат во работата со децата ќе биде благослов за секое семејство. Тоа би ги омекнало и потчинило строгите карактерни црти во животот на оние кои треба да бидат поведри и посмирени. Присуството на едно дете во домот засладува и облагородува. Детето подигнато во Господов страв е благослов.

Грижата и љубовта кон децата кои зависат од нас, ја отстранува грубоста од нашата природа, нѐ прави нежни и сочувствителни и ги развива благородните црти на нашиот карактер.

**Детското влијание врз Енох. -** Добивајќи прво дете, Енох постигнал повеќе искуство; добил поблизок однос со Бога. Како Божје дете, целосно ги разбрал своите должности и одговорности. Кога ја доживеал детската љубов кон таткото, неговата едноставна доверба во татковата заштита; кога почувствувал длабока нежност во своето срце кон тој првороден син, стекнал скапоцена поука за прекрасната Божја љубов кон луѓето со дарот на Неговиот Син и довербата којашто Божјите деца треба да ја имаат во својот небесен Татко.

**Скапоцен аманет. -** Децата се доверени на родителите како скапоцен аманет, кој еден ден Бог ќе го бара од нивните раце. Во нивното воспитание, треба да вложиме повеќе време, повеќе грижа и повеќе молитви. Ним им се потребни повеќе такви вистински упатства...

Запомнете дека вашите синови и ќерки се помлади членови на Божјето семејство. Тој ги доверил на ваша грижа да ги воспитате и да ги подготвите за Небото. Вие морате на Бога да му дадете одговор за начинот на кој го исполнувате овој свет аманет.

*Сабота, 8 март 2025*

## Светоста на семејниот круг

Околу секое семејство постои свет круг кој треба да се сочува. Никој нема право да го повреди овој свет круг. Сопругот и сопругата треба да бидат сѐ еден на друг. Жената не треба да има тајни за

коишто нејзиниот маж не треба да знае, а другите да знаат; мажот исто така не треба да има тајни коишто ги крие од својата жена, а ги открива на другите. Срцето на неговата жена мора да биде гроб во кој се закопани сите мани на нејзиниот маж, а срцето на мажот исто така гроб којшто ги крие сите слабости на неговата жена. Никогаш едната страна не треба да прави шеги со чувствата на другата страна. Никогаш ниту на шега ниту на било кој друг начин мажот или жената не треба пред другите да се пожалат од својот брачен другар, затоа што таквата неразумна и навидум невина шега која често се повторува, може да заврши со несреќа и можеби отуѓување. Околу секое семејство мора да постои света ограда.

Семејниот круг мора да се смета за свето место, претслика на небото, огледало во кое се гледа нашиот лик. Ние можеме да имаме пријатели и познаници, но тие не треба да се мешаат во нашиот семеен живот. Во семејството мора да владее чувство на цврсто заедништво што ќе обезбеди атмосфера на мир, спокојство и доверба.

**Јазикот, ушите и очите мораат да бидат осветени. -** Членовите на семејниот круг треба да се молат на Бога да го освети нивниот јазик, нивните уши и нивните очи и секој дел од нивното тело. Кога ќе се соочат со злото, тоа не мора да ги надвладее. Христос овозможил карактерот да биде мирис на доброто...

Колкумина го срамотат Христа и погрешно го претставуваат Неговиот карактер во семејниот круг! Колкумина има такви на кои им недостасува трпение, истрајност, простување и вистинска љубов! Мнозина нешто сакаат или не сакаат и сметаат дека имаат право да го искажат своето лошо расположение наместо да ја откријат Христовата волја, дела и карактер. Исусовиот живот е полн со добрина и љубов. Дали растеме во Неговата божествена природа?

**Единство, љубов и мир. -** Татковците и мајките свечено нека му ветат на Бога, како оние кои велат дека го слушаат и сакаат, дека со Негова милост помеѓу нив никогаш нема да се појави несогласување, туку дека со својот живот и природа ќе покажат дух кој сакаат да го имаат и нивните деца.

Родителите мораат да бидат внимателни и да не дозволат духот на несогласување да се вовлече во нивниот дом, затоа што тоа е едно

од сатанските средства со кои може да влијае на карактерот. Ако родителите тежнеат кон единство во домот и дозволат начелата кои управувале со Христовиот живот да се врежат во нивното срце, ќе исчезне несогласувањето, а ќе завладее единството и љубовта. Тогаш родителите и децата ќе имаат дел од дарот на Светиот Дух.

Сопружниците треба да знаат дека имаат доволно товар за носење и затоа не е потребно со несогласување да го упропастуваат својот живот. Оние кои дозволуваат да се појават мали несогласувања, го повикуваат сатаната во својот дом. Децата лесно го усвојуваат духот на несогласување околу незначајните нешта. Лошите духови го изразуваат својот дел, наведувајќи ги родителите и децата да станат непослушни на Бога.

Иако во бракот може да се појават тешкотии, сопружниците во своите срца треба да ја сочуваат Божјата љубов. Во мајката на своите деца, таткото треба да гледа суштество кое ја заслужува сета љубезност, нежност и сочувство.

**Тајната на семејното единство**. - Одвојувањето од Христа е причина за поделба и раздор во семејството и црквата. Приближете се еден кон друг. Тајната на вистинското единство во црквата и во семејството не се постигнува ниту со дипломатија, ниту со господарење, ниту со вложување на натчовечки напори за отстранување на тешкотиите - иако треба и тоа често да се направи - туку во заедница со Христа.

Замислете еден голем круг, од чии рабови одат прави кон средината. Колку тие прави повеќе се приближуваат, толку се поблиску една до друга.

Така е и во христијанскиот живот. Колку повеќе се приближуваме до Христа, толку ќе бидеме поблиски еден до друг. Бог се прославува, кога Неговиот народ се соединува во заедничка работа.

*Сабота, 15 март 2025*

**Божјиот првобитен план за воспитување**

Семејството било во центарот на системот на воспитание кој бил воспоставен во Едем. Адам бил „син Божји“ ( Лука 3, 38), и децата на Севишниот примале поуки од својот Татко. Нивното училиште било семејно училиште во вистинска смисла на зборот.

Во периодот на патријарсите воспитанието претежно се добивало во семејството. Во така основаните училишта Бог обезбедил најдобри услови за развој на карактерот. Луѓето кои Тој ги водел, сè уште живееле онака како што Тој одредил на почетокот. Оние кои се оддалечиле од Бога, си граделе градови за себе, во нив се собирале, уживале во сјајот, раскошот и порокот, коишто и денешните градови ги прават гордост и проклетство на светот. Но луѓето кои цврсто се држеле за Божјите начела на животот престојувале во полињата и на ридовите. Тие обработувале земја и чувале крупен и ситен добиток, и во тој слободен и независен живот, кој им давал можности за работа, проучување и размислување, учеле од Бога и ги поучувале своите деца за Неговите дела и патишта. Тоа е метод на воспитание кој Бог сакал да го воспостави во Израел.

Во секојдневниот живот семејството било и училиште и црква, а родителите биле учители како во световното така и во верското подрачје.

**Семејниот круг е училиште. -** Во Својата мудрост Господ одредил семејството да биде најголемата воспитна установа. Воспитанието на детето треба да започне во домот. Тоа е Неговото прво училиште. Тука тоа од родителите ќе добие поуки кои ќе го водат низ целиот живот - поуки за почитување, послушност, стравопочитување и самосовладување. Влијанието на семејното воспитание е сила којашто одлучува помеѓу доброто и злото. Тие во секој поглед делуваат тивко и постепено, но ако се позитивни, ја претставуваат далекудостижната сила којашто води кон вистината и правдата. Ако детето во домот правилно не се воспита, сатаната ќе

го воспита преку своите орудија. Тогаш од колкава важност е училиштето во домот!

Гледајте на семејниот круг како на училиште во кое ги подготвувате своите деца за извршување на должноста во домот, во општеството и во црквата.

*Сабота, 22 март 2025*

### Воспитанието во домот е од вистинска важност

Тажен е фактот кој речиси сите го признаваат и го осудуваат, дека воспитанието на младите во домот денес целосно е запоставено.

Нема поважна работа од онаа која е доверена на основачите и чуварите на домот. Ниту една работа, која е доверена на луѓето, не остава поголеми или подолготрајни последици од работата на татковците и мајките.

Иднината на општеството денес ја одредуваат младите и децата, а што ќе бидат тие, зависи од домот. Недостатокот на правилно домашно воспитание може во најголема мера да се земе како причина за болести, сиромаштија и злосторство кои се вистинска несреќа за човештвото. Кога животот во домот би бил чист и чесен и кога децата, кои излегле од домот би биле подготвени да ги прифатат одговорностите и опасностите во животот, до какви промени би дошло во светот!

**Сето останато на друго место.** - Секое дете кое дошло на свет е сопственост на Исуса Христа и тоа треба да се воспита со зборови и пример да го сака и слуша Бога. Меѓутоа, најголем број од родителите го запоставиле делото кое им го доверил Бог и изостанало воспитанието и подготовката на децата да го познаваат и сакаат Исуса Христа, почнувајќи од првите денови на развојот на детскиот ум. Со сериозен труд родителите треба да го следат и воочат почетокот на отворањето на детскиот ум; во животот и домот сè останато нека биде на второ место, освен позитивните должности ко-

иште им се доверени од Бога - да ги воспитуваат своите деца во Господовата наука и со совет.

Родителите не треба да дозволат со нив да управуваат деловните грижи, светските обичаи и начела, како и модата и заради тоа да ги запоставаат своите деца во раното детство и да не им дадат соодветно воспитание во текот на нивниот развој.

Една од најсилните причини што денес во светот постои толку зло е тоа што родителите се презафатени со она што е помалку значајно, а го запоставиле она што е најважно - како да се прилагодат на задачата и трпеливо и љубезно да ги поучуваат своите деца на Господовите патишта. Кога би можеле да ја отстраниме завесата, би виделе како многу, многу деца тргнале на погрешен пат и поради ова невнимание се изгубени за позитивното влијание. Родители, зар можете да дозволите тоа да се случи во вашиот живот? Никаква друга работа не би смеела да ви биде толку важна за да ве спречи на своите деца да им го посветите сето потребно време, за да можете да им помогнете да сфатат што значи целосно да се слуша и да се верува во Господа...

Што ќе пожнеете како награда за својот напор? Ќе ги најдете своите деца покрај себе, подготвени да соработуваат со вас во она што им го советувате. И тогаш ќе констатирате дека својата работа можете лесно да ја извршите.

*Сабота, 29 март 2025*

**Родителите треба добро да се запознаат со своите деца**

Некои родители не ги сфаќаат своите деца ниту вистински ги познаваат. Често се појавува голема разлика помеѓу родителите и децата. Кога родителите би се труделе подобро да ги разберат чувствата на своите деца и да ја придобијат нивната доверба, би можеле благотворно да делуваат на нив.

Таткото и мајката треба да соработуваат во целосна согласност. Тие се должни да станат пријатели на своите деца.

Родителите треба да го пронајдат најдобриот и најуспешен начин за да ја придобијат љубовта и довербата на своите деца, за да можат да ги водат на прав пат. Тие со зраците на љубовта треба да ги осветлат сите членови на домот.

**Охрабрување и пофалба.** - Децата сакаат друштво и ретко сакаат да бидат сами. Тие копнеат за сочувство и нежност. Она што го сакаат сметаат дека го сака и мама, и природно е на неа да ѝ се обраќаат со своите мали радости и таги. Мајката не смее да го ранува нивното чувствително срце со својата рамнодушност кон, за неа беззначајни работи, кои за нив се од големо значење. Нејзиното соучество и одобрување се скапоцени за децата. Само еден поглед на одобрување, збор на охрабрување или пофалба, ќе биде како сонце за нивното срце, што често ќе им го исполни денот со среќа.

**Родителите и детската доверба. -** Родителите треба да ги охрабрат своите деца да им се доверуваат само на нив, да им ги кажат своите маки, своите секојдневни неприлики и тешкотии.

Љубезно поучувајте ги и носете ги во своето срце. Ова е критично време за вашите деца. На вашите деца ќе дејствуваат влијанија кои може да ги одвојат од вас, но вие треба да им се спротиставите. Научете ги да ви се доверуваат. Нека ви ги шепнат на уво своите неволји и радости.

Децата би се спасиле од многу зла, кога повеќе би биле врзани за своите родители. Родителите треба да ги охрабрат своите деца да бидат отворени и искрени кон нив, да дојдат кај нив со своите тешкотии, и кога се во двоумење кој правец е исправен, да им ги изнесат своите гледишта и проблеми и да побараат совет.

**„Немам време“!** - „Немам време“ вели таткото, „немам време да ги воспитам своите деца, да им правам друштво и да ги развеселам“! - Тогаш не си смеел да ги прифатиш родителските должности! Кога не им подаруваш време, кое со право им припаѓа, ти им го ускратуваш воспитанието кое им го должиш. Ако имаш деца, треба да ја извршиш работата во заедница со мајката, изградувајќи го нивниот карактер.

Многу мајки извикнуваат: „Немам време да бидам со своите деца“. Тогаш, поради Христа потроши помалку време на своите фу-

стани. И ако сакаш, троши помалку време на својот надворешен изглед. Не примај и не оди на гости. Немој да подготвуваш многу различни јадења. Но никогаш, ама баш никогаш немој да ги запоставиш своите деца! Што бара каколот со пченицата? Не дозволувајте ништо да се појави помеѓу тебе и најдобрите интереси за твоите деца.

Оптоварени со многу грижи, мајките понекогаш сметаат дека немаат време трпеливо да ги поучуваат своите малечки и да им подарат љубов и разбирање. Тогаш мајките треба да знаат: ако децата кај своите родители и во својот дом не го најдат она што ги задоволува нивните желби за пријателство и разбирање, тие ќе го побараат тоа на некое друго место, кое може да биде опасно за нивното срце и карактер.

**Со своите деца во работа и во игра.** - Подарете малку од своето слободно време на своите деца: соработувајте со нив во нивната работа и разонода и така стекнете ја нивната доверба. Придобијте го нивното пријателство.

Родителите нека ги посветат своите вечерни часови на семејството. Оставете ги своите грижи и неволји заедно со своите секојдневни обврски.

**Совет за недостапните родители.** - И родителите и учителите се во опасност премногу да им наредуваат на децата, а да не се трудат со своите деца или ученици да воспостават пријателство. Тие често се држат премногу резервирано, а својата надмоќност ја покажуваат многу студено и нељубезно и затоа не можат да ги придобијат срцата на своите деца и ученици. Но кога би ги собрале децата околу себе и би им покажале дека ги сакаат, кога би се интересирале за она што го сакаат децата, па дури и нивните игри, кога понекогаш помеѓу децата би биле и самите како деца, тогаш би ја придобиле нивната љубов и доверба и децата би се чувствувале многу среќни со нив. Децата побрзо би научиле да ги почитуваат и сакаат своите родители и учители.

Градиво за саботна школа

За подобра саботна школа
1/2025

Излегува тримесечно:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Подготвил:
Мелита Томовска

Одговара:
Илија Киров

За интерна употреба